Универзитет „Свети Кирил и Методиј“ во Скопје
**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ – Скопје**

## ТЕМПУС ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ

Во рамки на Tempus MAS-PLM проектот со наслов: *Магистерски студии и мрежа на континуирано образование за менаџмент на животниот циклус на производот со одржливо производство*, во периодот 28.09 до 01.10 2009 година во Скопје и Охрид се одржаа повеќе настани и работилници, како и работни состаноци на проектниот конзорциум со претставници на Деканската управа Машинскиот факултет (координатор институција во проектот) и со претставници на Ректорската управа на Универзитетот Св.Кирил и Методиј.

Настаните беа поврзани со реализација на целите на проектот - развивање и стартување на нови регионални PLM магистерски студии на Машинскиот факултет при УКИМ во Скопје, на Техничкиот унивезитет во Нови Сад, Србија, на Машинските факултети во Загреб и Сплит во Хрватска. Развојот на новите PLM магистерски студии се реализира врз база на искуствата на Техничкиот универзитет од Торино и ќе се добива дополнителна диплома од Техничкиот универзитет во Торино, како контрактор институција во проектот.



## НАГРАДИ ОД МАКИНОВА

Во рамките на овогодишниот саем ТЕХНОМА кој се одржа од 13 - 17.10.2009 група студенти од насоката индустриски дизајн учествуваа на натпреварувачките манифест-тации: 29-та Мегународна изложба на пронајдоци, технички унапредувања, нови производи и творештво на млади МАКИНОВА 2009 и 7-ма Меѓународна изложба на технички унапредувања и иновации од областа на животната средина ЕКОНОВА 2009. На наше големо задоволство голем број од учесниците добија награди. Студентот Александар Николиќ доби две награди: бронзен медал на ЕКОНОВА за дизајн на велосипеди и сребрен медал на МАКИНОВА за дизајн на автобус. Студентот Стефан Богески доби сребрен медал на ЕКОНОВА за дизајн на апарат за чување на здрава храна. Списанието ЕМИТЕР им додели пофалници на студентите Бранкица Митровиќ и Виктор Гичев за нивни дизајнирани производи, а Министерството за образование и наука им додели награди за најуспешни иновации на Универзитетите во Република Македонија на студентите Владимир Стојковиќ и Кирил Огненов. Освен тоа, беа доделени специјално признание и златна плакета на наставниците од насоката индустриски дизајн.

## ИНФОРМАЦИЈА

За прв пат, оваа година на МФС се воведува колоквиумска недела за студентите од 2, 3 и 4 година, односно 2 недели за полагање на тестовите за студентите од 1 година. Тестовите ќе се полагаат во 8 и 9 недела од учебната година.

## ПОСЕТА

Во изминатиов период, во посета на Машинскиот факултет беше делегација од IBM, составена од Koen Gijpers, Jacob Dencik и Maria Rosario Brunzino, plant and locations менаџери од ИБМ Белгија. Тие беа заинтересирани за капацитетите на Машинскиот факултет и можностите за понатамошна соработка. Делегацијата беше примена од деканот и продеканот за наука и меѓународна соработка со кои извршија обиколка низ кампусот на Машинскиот факултет.

## ПРОФЕСИОНАЛНИ СТУДИИ

Филип Здравески е првиот дипломец од академските студии, организирани во согласност со ЕКТС што магистрираше на Машинскиот факултет во Скопје.



**ЧЕСТИТАМЕ !**

## О Т С У С Т В А

Службени патувања во странство заради реализирање на студиски престои, учество на семинари, симпозиуми како и за други службени потреби во текот на месец октомври 2009 година остварија долунаведените наставници и соработници:

1. Проф. д-р Миколај Кузиновски и пом. асс, м-р Томов Мите остварија службено патување во Р.Србија со цел нивно учество на меѓународна конференција и службено патување во Полска заради присуство на работни состаноци со колегите од Вроцлавската политехника за прецизирање на научно-истражувачки активности во наредниот период.
2. Проф. д-р Предраг Поповски, проф. д-р Атанаско Тунески и доц. д-р Зоран Марков остварија службено патување во Р. Хрватска заради учество на меѓународна конференција.
3. Проф. д-р Александар Ношпал и проф. д-р Валентино Стојковски остварија службено патување во Р. Србија со цел нивно учество на меѓународен симпозиум.
4. Проф. д-р Јасмина Чалоска, проф. д-р Атанас Кочов и проф. д-р Јован Лазарев реализираа службено патување во Шпанија и Словенија во рамки на проектот ЕУРЕКА.
5. Проф. д-р Марко Серафимов оствари службено патување во Србија и Р.Бугарија заради одржување настава на студенти од постдиплоски студии на меѓународната школа спонзорирани од DAAD од Германија.
6. Проф. д-р Атанас Кочов на покана на UNIDO оствари службено патување во Швајцарија.
7. Проф. д-р Радмил Поленаковиќ оствари службено патување во Босна и Херцеговина заради учество на меѓународна конференција.
8. Доц. д-р Дарко Данев оствари службено патување во Р. Германија заради учество на меѓународна конференција за програмата ЕУРЕКА.
9. Проф. д-р Ѓорѓи Аџиев оствари службено патување во Р.Србија заради учество на меѓународна конференција.
10. Доц. д-р Ристо Филкоски оствари службено патување во Р.Србија заради учество на меѓународна конференција.
11. Доц. д-р Виктор Стојмановски оствари службено патување во Шведска со цел негово присуство на годишното собрание на мрежата Enterprise Europe Network.

## КАЛЕНДАР И ПОТСЕТНИК

**26.10.2009**
**14 СЕДНИЦА НА ННС**

**Техничко уредување:**

Жарко Васиљевиќ, дипл. ел. инж.
Борис Рошков, дипл. ел. инж.

**Година 2009, октомври, број 84**

# *Ф А К У Л Т Е Т С К И*

# *И Н Ф О Р М А Т О Р*

## СЕМИНАР

На 27 Октомври 2009 година, во просториите на Машинскиот факултет, вонредниот професор д-р Ремон Поп - Илиев од Факултетот за Инженеринг и Применети Науки при Универзитетот од Онтарио оддржа серија предавања. Во првиот дел, предавањата беа од областа на Design Engineering, Cellular Polymeric Composites и Hybrid Vehicles. Во вториот дел, заинтересираните професори, преку двосмерна дискусија имаа можност да се запознаат со искуствата на проф. д-р Ремон Поп - Илиев од областа на Design – Intensive Undergraduate Engineering Curricilum.

